[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 26.05.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 436/1 | | |

[redacted]

**ДАТУМ** May 23, 2025

## ДО

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Адреса: ул.,,Иво Лола Рибар"бр.3**
**За Градоначалникот**

**ПРЕДМЕТ: Барње за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** ("Службен Весник на Република Македонија бр. 13 / 01.02.2006 година и измените од 14.07.2008 година, 15.01.2010 година и 03.03.2014 година), [redacted] ги бара следните информации од јавен карактер:

1. Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Валандово за процена на недвижен имот;

2. Просечни цени од м² на продадени недвижности во 2024 година по типови на недвижност и тоа:
   Индивидуални станбени згради-куќи, колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици);

3. Просечни цени од м² на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2024 година.

4. Просечни цени од м² на продадено на земјоделско земјиште за 2024 год, по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Валандово и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Валандово за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експропирано земјоделско земјиште на подрачјето на Општината согласно со прописите за експропријација;

Информациите ги бараме согласно Законот за процена (Службен весник на Република Македонија РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 , 64/12 , 188/14, 104/15, 153/15 192/15 и 30/16) според кој процена можат да вршат лиценцирани фирми со проценители кои имаат добиено

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-736/2
30.05.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-736/1 од 26.05.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено на 23.05.2025 година од [redacted] заведено под бр.10-736/1 од 26.05.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово ја има и ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Косталинов
[redacted]

Изработил: С. Димитров [redacted]
Контролирал: В.Лазов
Одобрил: С.Христова Јовановиќ [redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр 10-736/3
30.05.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО

[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 23.05.2025 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 23.05.2025 година ,заведено под бр.10-736/1 од 26.05.202 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово :

**1.Електронски запис (мапа)** за последните важечки Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Валандово за процена на недвижен имот немаме;

**2.Просечните цени од м2 на продадени недвижности во 2024 година:**
-Индивидуални станбени згради -куќи - 29 520 денари по м2;
-Индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреации-33 000 денари по м2.

**3. Просечна цена од м2 на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места-прикажани во Одлука на Совет на Општина Валандово бр. 08-15/10 од 31.01.2024 година ( во прилог);**

**4.Просечна цена на земјоделско земјиште за 2024 година по групи и населени места-прикажани во Одлука на Совет на Општина Валандово бр. 08-15/9 од 31.01.2024 година ( во прилог);**

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ" бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесеттата редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-15/10
31.01. 2024 год.
Валандово

# ОДЛУКА

## за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година.

### Член 2

Пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот на имот.

### Член 3

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште ќе се зема во предвид местоположбата, катастарската култура, класата, опфатеноста со систем за наводнување.

### Член 4

Врз основа на критериумите од член 2 и член 3 од оваа Одлука, просечната цена која ќе се применува за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Валандово, е прикажана во табеларниот преглед кој е прилог на оваа Одлука.

### Член 5

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

### Член 6

Утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

### Член 7

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово бр.08-8/10 од 31.01.2023 година.

### Член 8

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков [redacted]

# П р е г л е д

на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште по

населени места на подрачјето на Општина Валандово

| вид | Цена на земјоделско земјиште во близина на населено место/ м² | | Цена по катастарска култура и класа /м² | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нива | | | | Лозови насади | | Овошни насади | | Пасишта | Шума | Ливада |
| класа | I зона | II зона | 1,2 | 3,4 | 5,6 | 7,8 | 1,2,3,4 | 5,6,7 | 1,2,3,4 | 5,6,7 | Сите класи | Сите класи | Сите класи |
| Валандово | 450 | 200 | 65 | 55 | 45 | 35 | 100 | 55 | 100 | 55 | 45 | 50 | 50 |
| Пирава | 250 | 150 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Јосифово | 250 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Удово | 250 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Раброво | 300 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Горна Маала | 150 | 80 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Брајковци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Балинци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Марвинци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Грчиште | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 40 | 50 | 40 | 30 | 35 | 30 |
| Калково | 150 | 70 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 35 | 90 | 35 | 40 | 30 | 35 |
| Собри | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 50 | 50 | 50 | 30 | 40 | 30 |
| Чалакли | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Дедели | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Башибос | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Казандол | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Останати населби | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-15/9
31.01.2024 год.
Валандово

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ" бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово триесеттата редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година.

### Член 2

Пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

### Член 3

Просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, по населени места и зони е следната:

| Населено место | Градежно неизградено земјиште | | Градежно изградено земјиште (дворно место) | |
|---|---|---|---|---|
| | прва зона ден./м² | втора зона ден./м² | прва зона ден./м² | втора зона ден./м² |
| Валандово | 1.400 | 1.000 | 800 | 600 |
| Пирава | 800 | | 500 | |
| Јосифово | 800 | | 500 | |

| | | |
|---|---|---|
| Удово | 800 | 500 |
| Раброво | 700 | 400 |
| Брајковци | 600 | 350 |
| Балинци | 600 | 350 |
| Марвинци | 600 | 350 |
| Горна Маала | 400 | 200 |
| Калково | 400 | 200 |
| Чалакли | 400 | 200 |
| Градец | 250 | 130 |
| Грчиште | 250 | 130 |
| Собри | 250 | 130 |
| Дедели | 250 | 130 |
| Башибос | 150 | 90 |
| Казандол | 150 | 90 |
| Останати населби | 120 | 80 |

**Член 4**

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 5**

Утврдувањето на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

**Член 6**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово бр.08-8/9 од 31.01.2023 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател [redacted]
Владимир Марков
[redacted]